У-6.бр.1767/2020
У-6.бр.1769/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – виш судски референт Александра Гоческа Крстевска, одлучувајќи по тужбата на тужителот ДТПУ МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ ДООЕЛ од Скопје, поднесена преку полномошник адвокат Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје, против решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-840/5 од 23.09.2020 година, основ Јавни набавки, вредност на спор 40.000,00 денари, на одржаната јавна расправа на ден 18.11.2020 година, во присуство на полномошник на тужителот и во отсуство на претставник на тужениот орган, согласно член 59 став 1 и член 29 став 2 од Закон за управни спорови, донесе и објави:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ДТПУ МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ ДООЕЛ од Скопје, против решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-840/5 од 23.09.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот ДТПУ МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ ДООЕЛ од Скопје, судот да донесе Времена мерка за времено уредување на правниот однос на начин што ќе забрани склучување на Договор за јавна набавка врз Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов“ Карпош, Скопје, се до правосилноста на пресудата на овој суд, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

III
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот ДТПУ МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ ДООЕЛ од Скопје, преку полномошник Адвокат Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје, на ден 22.08.2020 година поднесе тужба до Управниот суд против решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата поради, повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлага, судот тужбата да ја уважи во целост, оспореното решение поништи и побара да се задолжи тужениот орган да му

ги надомести трошоците за водење на постапката во рок од 8 дена од правосилноста на решението под страв од присило извршување. Тужбата е заведена во Управниот суд под У-6.бр.1769/2020.

Со тужбата тужителот поднесе и посебен предлог за издавање на Времена мерка заведен под У-6.бр.1767/2020, со кој предлага судот да донесе Времена мерка за времено уредување на правниот однос на начин што ќе забрани склучување на Договор за јавна набавка врз Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов“ Карпош, Скопје, се до правосилноста на пресудата на овој суд.

Тужбата и предлог за издавање на Времена мерка судот ги достави до тужениот орган, кој во рокот определен од судот, електронски ги достави списите по предметот и во одговор остана кон наводите на оспореното решение со предлог тужбата да се одбие како неоснована, а по однос на предлогот за Времена мерка, наведе дека истиот е неоснован со оглед дека тужителот со ниту еден доказ на ја има докажано веројатноста дека се исполнети кумулативно причините за уважување на барањето за Времена мерка предвидени во Законот за управни спорови.

Одговорот на Тужбата и предлогот за издавање на Времена мерка даден од страна на тужениот орган, Судот ги достави на одговор до спротивната странка - до полномошникот на сега тужителот, адвокат Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје, кој во дадениот рок до Судот не достави Одговор на одговорот на тужба и предлогот за издавање на Времена мерка на тужениот орган.

Постапувајќи по тужбата и предлогот за издавање на Времена мерка, Управниот суд закажа и одржа јавна расправа на ден 18.11.2020 година во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје, уредно поканет, со уредно полномошно доставено во списите на предметот, а во отсуство на овластен претставник на тужениот орган, уредно поканет.

Со писмен поднесок Известување бр.09-840/12 од 17.11.2020 година, тужениот орган го извести судот дека нема да присуствува на закажаното рочиште поради ситуацијата со Ковид-19 и заболување на вработениот кој е задолжен за застапување на тужениот орган. Истовремено го извести судот дека, во целост останува на наведеното во дадениот одговор на тужба бр.09-840/9 од 29.10.2020 година и одговорот на Предлогот за издавање времена мерка бр.09-840/8 од 28.10.2020 година, како и на наводите во образложението во оспореното решение.

На јавната расправа судијата известител го изложи предметот на овој управен спор - решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-840/5 од 23.09.2020 година, чие поништување се бара, со кое, жалбата на сега тужителот изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.12149/2020 година за набавка на стоки - набавка на прехранбени производи на договорниот орган ЈУОДГ„Орце Николов“ Карпош, Скопје, се одбива поради неоснованост и истото станало конечно.

Во тужбата, тужителот ДТПУ МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ ДООЕЛ од Скопјего оспорува решението на тужениот орган со наводи дека, тужениот орган неправилно го применил материјалното право со самото тоа што ја одбил жалбата

на тужителот како неоснована, иако во жалбата на потполно концизен начин била објаснета фактичката состојба и тврди дека се направени повреди на Законот за јавни набавки од страна на договорниот орган. Укажува дека, тужениот орган неправилно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба, односно, доколку правилно ги ценел жалбените наводи и проверката на целокупната документација, би утврдил сосема поинаква фактичка состојба, која зборува дека договорниот орган постапил спротивно на членот 109 од Законот за јавни набавки односно сторил пропусти кои се однесуваат на спроведување на постапката при евалуацијата на понудите што на крај резултирало со избраната понуда на понудувачот РИМЕС МС ГРУП ДОО Скопје, која понуда не е најповолна. Појаснува дека, договорниот орган спровел јавна набавка по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.12149/2020 година за набавка на стоки - набавка на прехранбени производи за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-113/1 од 25.08.2020 година. Укажува дека, договорниот орган неосновано ја отфрлил како неприфатлива понудата на тужителот во дел 3 за набавка на месо, со образложение дека тужителот како понудувач не ги исполнувал посебните барањата за оператор со храна утврдени во точка 5.3.1.3 од тендерска документација, односно дека тужителот наводно не поседувал Решение за оператор со храна од животинско потекло издадено од Агенција за храна и ветеринарство и нема дозвола од Агенција за храна и ветеринарство да врши манипулација со храна од животинско потекло. Укажува дека, доколку тужениот орган правилно ја утврдел фактичката состојба, би утврдил дека тужителот како понудувач ги исполнува условите и барањата од тендерска документација, па со правилна примена на материјалното право би ја поништил делумно одлуката во дел 3 за набавка на месо. Истакнува дека, како понудувач за дел 3 од Огласот за јавна набавка, кон целосната документација доставил Договор за соработка бр.163/20 од 01.07.2020 година со правниот субјект "КАРЕ-КОМЕРЦ" ДООЕЛ Кавадарци, како и Решение за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло УП-1 бр.12-1548 од 30.12.2016 година, издадено од Агенција за храна и ветеринарство. Понатаму, тужителот повикувајќи се на член 95 став 3 и член 96 од Законот за јавни набавки, истакнува дека економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образование и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност и дека, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси. Според тужителот, од горенаведеното произлегува дека, тој како економски оператор во постапката за јавна набавка заради исполнување на условите во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност, може да ја користи способноста на други субјекти и доколку ја користи способноста на друг субјект е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ, што во конкретниот случај постоеле материјални докази кои ги потврдуваат овие наводи.

Со тужбата тужителот поднесе и посебен предлог за издавање на Времена мерка заведен под У-6.бр.1767/2020, со кој предлага судот да донесе Времена мерка за времено уредување на правниот однос на начин што ќе забрани склучување на Договор за јавна набавка врз Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов“ Карпош, Скопје, се до правосилноста на пресудата на овој суд.

Тужениот орган, во одговор на тужба наведува дека, тужбените наводи на тужителот се неосновани затоа што Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврдил дека комисијата за јавни набавки на договорниот орган постапила согласно член 109 став 6 и став 7 од Законот за јавните набавки, односно неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира и евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. Исто така, тужениот орган наведува дека, согласно доказите од досието на постапката со увид во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) утврдила дека, договорниот орган понудата на жалителот правилно ја исклучил од понатамошна евалуација на понудите од причина што тој не ги исполнил во целост условите и барањата од тендерската документација. Имено, договорниот орган во точка 5.3.1.3 од тендерската документација предвидел - Одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација на производи од животинско потекло (Овој услов важи само за Дел 3 Месо (јунешко, свежо и смрзнато пилешко и мисиркино), при што, за овој дел 3 - свежото месо требало да биде од одобрен објект за расекување и истото се докажувало со копија од договор со одобрен објект за расекување и Решение за одобрен оператор за расекување издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство. Укажува дека, жалителот не бил регистриран дека има Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло. Тужениот орган утврдил дека жалителот имал склучено договор за деловна соработка со ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци, кој имал Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и дејност расекување на свежо месо, но имајќи ги предвид одредбите од Законот за јавните набавки, согласно кои секој економски оператор може да биде поддржан од друг субјект во критериумите за утврдување на способност, освен во делот на причините за исклучување и способноста за вршење професионална дејност, па со оглед дека ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци понудил поддршка на жалителот во делот на способноста за вршење професионална дејност, понудата била со право отфрлена од причина што Законот за јавните набавки не давал таква можност.

Во одговорот на Предлогот за Времена мерка, доставен од тужениот орган на ден 29.10.2020 година, тужениот орган наведува дека истиот е неоснован со оглед дека тужителот со ниту еден доказ на ја има докажано веројатноста дека се исполнети кумулативно причините за уважување на барањето за Времена мерка предвидени во Законот за управни спорови.

Полномошникот на тужителот остана во се како на наводите на тужбата и предлогот за издавање на Времена мерка и бара судот тужбата да ја уважи во целост, оспореното решение поништи.

Од страна на судиите - членовите на совет беа поставени прашања и тоа, дали тужителот има сознание дали договорниот орган склучил договор за јавна набавка со избраниот понудувач РИМЕС МС ГРУП ДОО Скопје, на што полномошникот на тужителот одговори дека нема сознание, ниту пак има сознание дали истиот е објавен во електронскиот систем за јавни набавки. Известителот на предметот надоврзувајќи се на поставеното прашање, укажа дека Договорот за јавна набавка е веќе склучен и ќе биде изведен како доказ во доказната постапка. На

прашањето зошто тужителот не поднел предлог за издавање времена мерка во прилог на Жалбата кое право му е овозможено согласно одредбите од Законот за јавни набавки, истиот изјави дека тоа е дискреционо право на подносителот на жалбата, кое право како услов не го елеминира правото да го поднесе истиот предлог пред насловниот суд.

Во доказна постапка Судот на расправата ги изведе доказите приложени кон тужбата и тоа: доказите приложени кон тужбата и Предлогот за времена мерка и тоа: Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-840/5 од 23.09.2020 година, предмет на овој управен спор; Одлуката за избор на деллива постапка за јавна набавка бр.12149/2020 заведена под Дел.број 05-113/3 од 11.09.2020 година; Известување за избор за најповолен понудувач, доставено до тужителот; Договор за соработка бр.163/20 од 01.07.2020 година со правниот субјект "КАРЕ-КОМЕРЦ" ДООЕЛ Кавадарци; Решение за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло УП-1 бр.12-1548 од 30.12.2016 година, издадено од Агенција за храна и ветеринарство; Тековна состојба за тужителот издадена од Централен регистар на РСМ од 09.05.2020 година за тужителот; Жалба од тужителот против Одлуката за избор на делива постапка за јавна набавка бр.12149/2020 заведена под Дел.број 05-113/3 од 11.09.2020 година.

Исто така, Судот на расправата ги изведе и доказите по предметот од досието на постапката и тоа: Одлука за јавна набавка број 05-113/3 од 25.08.2020 година; Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.12149/2020 година за набавка на стоки - набавка на прехранбени производи на договорниот орган ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.207/2020; Тендерска документација за поедноставена отворена постапка за набавка на прехранбени производи; Известување за склучен договор; Договор за јавна набавка на стоки бр.05-113/6-3 од 01.10.2020 година, склучен помеѓу договорниот орган ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје и носителот на набавката ТДПТУ РИМЕС МС ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје.

Во завршни зборови, полномошникот на тужителот, адвокат Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје, остана во целост кон наводите истакнати во тужбата и истакнува дека наводите во Одговорот на тужба се неосновани, непоткрепени со ниту еден материјален доказ, а во никој случај без доказ во материјалното право, доколку таков член би постоел, претпоставува дека би го навел во наводите во одговор на тужба што во овој случај не е така.

Полномошникот на тужителот предјави трошоци и тоа за состав на тужбата со времена мерка во износ од 10.920,00 денари + 18%ДДВ или вкупно 12.886,00 денари и такса за тужба во износ од 1.200,00 денари, како и трошоци за застапување на денешното рочиште.

Управниот суд, по завршувањето на јавната расправа и по советувањето и гласањето, по оцена на доказите поединечно и во нивна меѓусебна поврзаност, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на сега тужителот изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена

постапка бр.12149/2020 година за набавка на стоки - набавка на прехранбени производи на договорниот орган ЈУОДГ„Орце Николов“ Карпош, Скопје, се одбива поради неоснованост и истото станало конечно. Видно од образложението на решението, тужениот орган постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), утврдил дека жалбата на жалителот „МОРАВА КОМЕРЦ ТРЕЈД ДИАМ“ ДООЕЛ Скопје, треба да се одбие поради неоснованост, при што детално ја образложил фактичката состојба во врска со спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка. Укажал дека, Комисијата за јавни набавки на договорниот орган со право понудата на жалителот ја исклучил од понатамошна евалуација на понудите од причина што жалителот не ги исполнувал во целост условите и барањата од тендерската документација, притоа повикувајќи се на член 109 став 6 и став 7 од Законот за јавните набавки, односно неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира и евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. Имено, од тендерската документација, тужениот орган утврдил дека договорниот орган во точка 5.3.1.3 од тендерската документација предвидел - Одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација на производи од животинско потекло (Овој услов важи само за Дел 3 Месо (јунешко, свежо и смрзнато пилешко и мисиркино), при што, за дел 3 - месо (јунешко, свежо и смрзнато пилешко и мисиркино) – свежото месо требало да биде од одобрен објект за расекување и истото се докажувало со копија од договор со одобрен објект за расекување и Решение за одобрен оператор за расекување издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство. Исто така, тужениот орган утврдил дека жалителот не бил регистриран дека има Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и дека истиот имал склучено договор за деловна соработка со ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци, кој имал Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и дејност расекување на свежо месо. Но, имајќи ги предвид одредбите од Законот за јавните набавки согласно кои секој економски оператор може да биде поддржан од друг субјект во критериумите за утврдување на способност, освен во делот на причините за исклучување и способноста за вршење професионална дејност, а со оглед дека ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци понудил поддршка на жалителот во делот на способноста за вршење професионална дејност, тужениот орган нашол дека понудата на жалителот, сега тужител, била со право отфрлена од причина што Законот за јавните набавки не давал таква можност.

Судот смета дека оспореното решение е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019),„Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член, „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена,

која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон".

Согласно член 81 став 1 од истиот Закон, Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Согласно став 2 од истиот член, Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. Согласно став 2 од истиот член, По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. Согласно став 4 од истиот член, Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 5 од истиот член, Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. Согласно став 6 од истиот член, Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 7 од истиот член, Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост".

Согласно член 82 став (1) од истиот Закон, Предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

Согласно член 109 став 1 од истиот Закон, Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Согласно став 2 од истиот член, При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да

побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. Согласно став 3 од истиот член, Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. Согласно став 4 од истиот член, Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. Согласно став 5 од истиот член, Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. Согласно став 6 од истиот член, Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Согласно став 7 од истиот член, Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. Согласно став 8 од истиот член, По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда Согласно став 9 од истиот член, Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. Согласно став 10 од истиот член, При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. Согласно став 11 од истиот член, Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Согласно член 141 став 1 од истиот Закон, Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. Согласно став 2 точка 6 од истиот член, Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција“.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 40 став е од истиот Закон, Доколку не дојде некоја странка или друг учесник на расправата без за истото да даде оправдување, а уредно е поканет, расправата може да се одржи без нивно присуство.

При ваква состојба на работите, судот наоѓа дека тужениот орган, спровел законита постапка и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба, донел правилно и законито решение кое содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел тужениот орган при одлучувањето. Судот цени, тужениот орган од врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), правилно потврдил дека договорниот орган правилно ја исклучил од понатамошна евалуација на понудите понудата на сега тужителот од причина што истиот не ги исполнувал во целост условите и барањата од тендерската документација, притоа повикувајќи се на член 109 став 6 и став 7 од Законот за јавните набавки. Имено, тужениот орган правилно констатирал дека договорниот орган во точка 5.3.1.3 од тендерската документација предвидел -

Одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација на производи од животинско потекло (кој услов важи само за Дел 3 Месо (јунешко, свежо и смрзнато пилешко и мисиркино), при што, за овој дел 3 - свежото месо требало да биде од одобрен објект за расекување и истото се докажувало со копија од договор со одобрен објект за расекување и Решение за одобрен оператор за расекување издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство и правилно утврдил дека, жалителот, сега тужител, не бил регистриран дека има Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, а имал склучено договор за деловна соработка со ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци, кој имал Решение за одобрен објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и дејност расекување на свежо месо. Меѓутоа, имајќи ги предвид одредбите од Законот за јавните набавки, согласно кои секој економски оператор може да биде поддржан од друг субјект во критериумите за утврдување на способност, освен во делот на причините за исклучување и способноста за вршење професионална дејност, па со оглед дека ДТП Каре Комерц ДООЕЛ Кавадарци понудил поддршка на жалителот во делот на способноста за вршење професионална дејност, тужениот орган правилно утврдил дека, понудата на сега тужителот била правилно отфрлена поради неоснованост, од причина што Законот за јавните набавки не давал таква можност. Во оваа насока суд смета за потребно да укаже дека доколку тужителот сметал дека со тендерската документација му се врши ограничување на конкуренцијата, истиот можел во претходната постапка да ја оспори тендерската .документација согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот во тужбата, меѓутоа имајќи ги предвид наведените причини и цитираните законски одредби истите не ги прифати и не најде основ за поинакво одлучување.

По однос на предлогот на тужителот судот да донесе Времена мерка за времено уредување на правниот однос на начин што ќе забрани склучување на Договор за јавна набавка врз Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје, се до правосилноста на пресудата на овој суд, судот најде дека е неоснован.

Согласно член 28 став 1 и 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. По барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањетоне му е спротивно на јавиот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно член 29 став 1 од истиот Закон, судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. Согласно став 5 од истиот член, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот, мора во согласност со начелото на пропорциналност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Во конкретниот случај, Судот оцени дека не се исполнети условите за определување на времена мерка согласно која, врз основа на одредбите од член 28 став 2 и член 29 став 5 од Законот за управните спорови, до правосилното завршување на управниот спор, ќе се забрани склучување на Договор за јавна набавка врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје. Имено, по оценка на овој Суд, а од смислата и содржината на претходно цитираните одредби од Законот за управните спорови, произлегува дека со институтот времена мерка во судската постапка на тужителот му се дава можност, до донесување на одлука по тужбата, од судот да побара донесување на времена мерка со која ќе се одложи извршувањето на управниот акт односно во конкретниот случај Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-113/3 од 11.09.2020 година за дел 3 за избор на најповолна понуда на ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје, само во случаите кога надлежниот орган пристапи кон нејзино извршување односно склучување на договор врз основа на истата и доколку кумулативно се исполнети условите предвидени во претходно цитираните законски одредби. Во конкретниот случај, истакнатото барање на тужителот не е во смисла на претходно цитираните одредби од Законот за управните спорови, бидејќи се бара да се одложи извршувањето на наведената Одлука која веќе е извршена, со тоа што веќе е склучен Договор за јавна набавка на стоки бр.05-113/6-3 од 01.10.2020 година, помеѓу договорниот орган ЈУОДГ „Орце Николов" Карпош, Скопје и носителот на набавката ТДПТУ РИМЕС МС ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје. Од наведено произлегува дека објективно е невозможно да се одложи извршувањето на наведената Одлука како што се предлага со поднесениот предлог за издавање на времена мерка.

Воедно, предлог за донесување на решение за времена мерка треба да се однесува на одложување на извршувањето на управниот акт, а при тоа да бидат кумулативно исполнети неколку услови и тоа: ако извршувањето на актот би му нанело штета на тужителот која тешко би можела да се поправи која зависи од секој конкретен случај и тужителот треба тоа да го докаже, односно да го стори веројатен фактот дека штетата што ќе настане од извршување на решението тешко може да се поправи; потоа вториот услов е да одлагањето на извршувањето не е спротивно на јавниот интерес и трето со одлагањето на извршувањето да не се нанесува поголема ненадоместлива штета на спротивна страна.

Видно од предлогот за донесување на времена мерка, тужителот не наведе убедливи факти, ниту пак приложи докази од каде Судот би утврдил дека доколку истата не се донесе, би настанала ненадоместива штета на страна на тужителот, која тешко би можела да се поправи, односно тужителот не го стори веројатно настапувањето на непоправливата штета, бидејќи настапувањето на истата е само декларативно наведено. Исто така, тужителот не достави ниту пак доказ дека донесувањето на времената мерка не е спротивно на јавниот интерес и дека со недонесувањето на времената мерка нема да се нанесе поголема ненадоместлива штета на спротивната страна.

Согласно наведеното, при оценка на кумулативната исполнетост на трите предвидени услови со претходно спомената одредба од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, Судот оцени дека во конкретниот случај не е исполнет ниту еден од тие услови.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот предјави трошоци на полномошникот на тужителот и тоа: за состав на тужбата со времена мерка во износ од 10.920,00 денари + 18%ДДВ или вкупно 12.886,00 денари и такса за тужба во износ од 1.200,00 денари, како и трошоци за застапување на денешното рочиште ги одби како неосновани.

Со оглед на горе изнесеното, судот оцени дека тужбата и предлог за издавање на Времена мерка на тужителот се неосновани и одлучи како во изреката на одлуката согласно член 59 став 1 и член 29 став 2 од Законот за управни спорови.

Одлучено во Управниот суд на ден 18.11.2020 година под У-6.бр.1767/2020 и У-6.бр.1769/2020.

Записничар – виш судски референт
Александра Гоческа Крстевска

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграворчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00,

Одлуката да се достави до:
- тужител преку полномошник Синиша Димитровски од Адвокатско друштво ТЕМИС - СБ од Скопје
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграворчиска

НК/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP 10

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник